Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка-

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 15.05.2019
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
38 - 14/1 | 2 | —

**Архивски број:** 13-3520/1
**Датум:** 03-05-2019

**До: Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на Владата на Република Северна Македонија**
**г-ѓа Фани Каранфилова-Пановска, Претседател на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**

**Предмет: Барање за номинација на 6 (шест) претставници од граѓанскиот сектор како членови и заменик членови во Секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика**

Почитувани,

Дозволете да Ве информирам дека согласно член 19 од регулативата за ИПА 2 (No.447/2014), најдоцна 6 месеци по стапување на сила на Финансиската спогодба за годишната Акциска програма 2017 (АП 2017), Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика[1] треба да се формира Секторски мониторинг комитет. Овој комитет има надлежност да ја разгледува и следи ефективноста, ефикасноста, кохерентноста и усогласеноста на акциите /проектите кои се реализираат во рамки на Акциската програма 2017 и нивната поврзаност со релевантните национални и други стратегии и политики во соодветниот сектор.

Оттука, со овој допис ве замолуваме да номинирате 6 (шест) претставници од граѓанскиот сектор и тоа **<u>три (3) членови</u>** и **три (3) заменик членови** на Секторскиот мониторинг комитет кои имаат познавање и граѓанска активност во следниве сектори: **1) образование, 2) вработување и пазар на труд** и **3) социјална политика.** Поточно потребно е да се номинираат претставници на граѓански организации од областите: економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади , социјална заштита и заштита на деца.

Ве информираме дека Секторскиот комитет за следење на ИПА АП 2017 се состанува еднаш годишно, а го претседаваат Националниот ИПА Координатор и претставник од Европска Комисија. Првиот состанок на Секторскиот мониторинг комитет на ИПА АП 2017 е планиран да се одржи на 18 октомври 2019 година. Исто така

[1] http://www.sep.gov.mk/content/?id=154#.XMrRt4VOKUI


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

може да се свикаат и дополнителни (ad hoc) состаноци на Секторскиот мониторинг комитет. Акциската програма 2017 година се имплементира до 2024 година до кога е предвиден формалниот мандат на овој Секторски мониторинг комитет. Работата на Секторскиот мониторинг комитет се уредува со деловник за работа.

Номинираните лица треба да ги исполнуваат уловите од член 5, став 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓански сектор[2], да имаат искуство со ЕУ проекти, познавање на националните политики и да го знаат и можат да го говорат англискиот јазик бидејќи состаноците на Секторскиот мониторинг комитет се одржуваат на англиски јазик.

За предложените претставници потребно е да се доставaт и следниве информации: име и презиме на номинираното лице, да се наведе дали се номинира за член или заменик член, име на организацијата која ја претставува, област во која номинираното лице има искуство и експертиза, поштенска адреса, контакт телефон и е-маил адреса. Предлогот со вкупно 6 (шест) претставници од граѓанскиот сектор (**членови и заменик членови**) во составот на Секторскиот мониторинг комитетот за АП 2017 – вработување, образование и социјална политика го очекуваме до **23 мај 2019 година**.

Дополнителни информации може да побарате од ИПА одделенијата при Секторот за европска интеграција и меѓународна соработка на следниве контакти: aivanovska@mtsp.gov.mk; 02/3016 -358 или GTrenkoska@mtsp.gov.mk, 02/3106-469.

Со почит,

**Министер**
**Мила Царовска**

Изработил: Анкица Ивановски
Контролирал: Александра Славкоска
Одобрил:Александра Славкоска
Согласен:

Копија до: Секретаријат за европски прашања

[2] „Службен весник на РМ" бр.98/16 и „Службен весник на РМ" бр.164/17


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk